<u>Образец бр.1</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Вера Проковиќ |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 22.02.2011 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои се главните проблеми?**

- Потреба од допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на составот и работењето на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините и Комисија за следење и оценка на исполнетост на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискална децентрализација

- Во Главата VIII. Финансиска нестабилност потребни се измени во насока да се прецизираат условите за прогласување и надминување на финансиска нестабилност

- Краток рок на враќање на долгорочната позајмица од Централниот буџет на Република Македонија

- Вградување на  утврдените мерки за унапредување на казнената политика во Република Македонија

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се врши:

- Допрецизирање на работата и надлежностите на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините и на Комисијата за следење и оценка на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација.
- Во делот на финансиската нестабилност извршени се измени во делот на прогласувањето на финансиската нестабилност во општината и превземањето на мерки и активности за надминувањето на истата.
- Се врши измена на рокот за враќање на долгорочната позајмица од најмногу пет година, на најмногу десет години.
- Во делот на казнените одредби извршени се измени во насока на вградување на мерките на Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика во Република Македонија и усогласување со Законот за прекршоци. Во делот на казнените одредби во член 47 став (2), висината на глобата се пропишува во двојно поголем износ од максимално дозволениот, односно од 5.000-10.000 евра, поради можноста одговорното или раководното лице во општината со своите одлуки да нанесе значителна финансиска и имотна штета на општината.

**3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Единиците на локалната самоуправа.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни се следните податоци:

- Насоките и мерките за унапредување на казнената политика и бизнис климата во Република Македонија донесени од страна на Владата на Република Македонија

- Барања на Заедницата на единиците на локалната самоуправа за Зголемување на рокот на враќање на долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Нема потреба од дополнителни информации

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Не.

<u>В. Временска рамка</u>

1. **Кога ќе почнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

Активностите се веќе започнати и се во тек.

**Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитичките студии, собирање информации итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Не.

2. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат донесени до Генералниот секретаријат?**

Веднаш по доставените мислења од Кабинетот на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство Предлог Законот ќе биде поднесен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Се очекува сите активности да завршат до крајот на месец февруари 2011 година.

<u>Г. Ресурси</u>

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

За спроведување на РИА-та ќе се вклучат претставници од надлежните органи на РМ и претставници од Министерството за финансии.

За спроведување на потребните анализи не се планирани дополнителни финансиски ресурси.